Република Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 7**

**25.05.2021**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***

*за објавување на ОДЛУКА за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2021 година бр.17-251/7 од 12.03.2021 година*

1.Ја објавувам Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2021 година бр.17-251/7 од 12.03.2021 година, донесена на 51-вата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 20.05.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 517/1 Општина Демир Хисар
25.05.2021 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19, 53/21 и 77/21), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19 и 14/20), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/20), одредбите на колективниот договор за вработените во општина Демир Хисар и член 43 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр 03/02,04/05,07/09,13/14,18/16 и 10/19), Советот на Општина Демир Хисар на 51-ва седница одржана на 20.05.2021 година, донесе

## О Д Л У К А

**За измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2021 година бр.17- 251/7 од 12.03.2021 година**

Член 1

Во член 6 став 3 зборот „наемнини„ се брише.

Член 2

Во член 14 став 1 зборовите „404150 – Други надоместоци„ се заменуваат со зборовите „404110 – Надомест за годишен одмор„ .

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Хисар, а ќе се применува од 01 Јануари 2021 година.

Бр. 17- 478/3 Совет на Општина Демир Хисар
20.05.2021 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
***за објавување на ОДЛУКА* за пристапување кон измени и дополнувања на Статутот на Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за пристапување кон измени и дополнувања на Статутот на Општина Демир Хисар, донесена на 51-вата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 20.05.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 517/2 Општина Демир Хисар
25.05.2021 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 162, 162 и 163 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14 и 10/19), член 21 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РСМ бр.05/2003), член 16 од Законот за младинско учество и младински политики, (Службен весник на РСМ бр.10/20), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 20.05.2021 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За пристапување кон измени и дополнувања на Статутот на Општина Демир Хисар**

Член 1

Со одлуката се пристапува кон измени и дополнувања на Статутот на Општина Демир Хисар.

Член 2

Предлог –измените, Градоначалникот на Општина Демир Хисар ќе ги достави до Статутарно-правна комисија на Советот на Општина Демир Хисар за разгледување и усвојување.

Член 3

Во Статутот на општина Демир Хисар, во глава V-ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНА, членовите 82-а, 82-б, 82-в, 82-г, 82-д, 82-ѓ и 82-е кои се однесуваат на Совет на млади се бришат, а на нивно место се запишува делот Локален Младински Совет со следните членови:

ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

Член 82-а

Во општината се формира Локален младински совет како советодавно тело на општината со цел младите активно да с евклучат во јавниот живот на Општината.

Млади се жители на Општина Демир Хисар, на возраст од 15 до 29 години според Закон за младинско учество и младински политики.

Младите од став 1, може да бидат избрани за претседател/ка и заменик-претседател/ка на Локален младински совет на Општина

Демир Хисар, само ако се со место на живеење во Општина Демир Хисар.

Член 82-б

Одлука за основање Локален младиснки совет донесува Советот на Општината врз основа на позитивните законски прописи.

Член 82-в

ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА

Во рамките на својот делокруг на работа Локалниот младински совет:

-предлага точки на дневен ред на Советот на Општината, кои ги засегаат младите;

-иницира прашања за млади од делокругот на работата на Општината;

-иницира, учествува и дава повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики;

- доставува информации до Општината, за прашања кои се однесуваат на младите и

-врши други советодавни и застапувачки работи во согласност со ЗМУМП.

Член 82-г

ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР

(1)Општината распишува Повик за формирање Иницијативен одбор (ИО) согласно член 17 од Законот за младинско учество и младински политики.

Во ИО може да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои работат и функционираат на територијата на Општината и сакаат да учествуваат во основањето на ЛМС.

Во повикот се напоменува дека Иницијативниот одбор се формира само еднаш за одржување на конститутивното Локално собрание за млади, има најмногу 5 члена и по успешно свикување на Собранието истиот се распушта, односно мандатот престанува.

(2)Иницијативниот одбор преку Општината објавува јавен повик за членство во Локално собрание на млади, во согласност со Статутот на општина Демир Хисар, по пронципот на транспарентност и јавност.

(3) Во Јавниот повик јасно е прикажан начинот на пријавување, критериумите кои треба да се исполнуваат за пријавување, како и рокот за пријавување. Повикот треба да биде објавен на веб-страницата на Општината, и да биде достапен за сите млади, а да се сподели на повеќе јавни места, на социјалните мрежи на Општината, до медиумите и до засегнатите чинители (форми на младинско организирање).

(4) Иницијативниот одбор иницира и заседава со конститутивната седница на Локалното собрание на млади заедно со одговорното лице на Општината.

Член 82-д

ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ

(1) За конституирање на локалното собрание за млади се формира иницијативен одбор, составен од формите наведени во ставот (2) на овој член.

(2) Во Собранието на млади можат да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување.

(3) Формите на организирање и здружување од ставот (2) на овој член не мора да бидат регистрирани во општина Демир Хисар, но мора да имаат активности на територијата на општина Демир Хисар.

(4) Формите на организирање кои членуваат во Локалното собрание за млади номинираат делегат и заменик - делегат.

(5) Делегатот и заменик - делегатот од ставот (4) на овој член се жители на општината, на возраст од 15 до 29 години.

(6) Од редовите на Локалното собрание на млади се избира и изгласува трочлена комисија, составена од млади, која е одговорна за следење на целокупниот процес за изборот на членови на Локалниот младински совет. На конститутивната седница на Локалното собрание на млади се избира претседавач/ка по пат на тајно гласање. Секој член на Собранието на млади може да биде кандидиран за претседавач/ка или доколку е предложен и поддржан од најмалку 3 членови на Собранието на млади. Мандатот на членовите на Собранието на млади вклучително и на претседавачот/ката трае две години со право на уште еден избор.

На конститутивната седница, Локалното собрание на млади носи одлука за

формирање комисија која до следната седница на Собранието на млади на Општината треба да подготви Деловник за работа на Собранието.
(7) Првата седница на Локалното собрание на млади (веднаш после конститутивната седница) ја свикува веќе избраниот претседавач/ка на Собранието. На седницата се усвојува Деловникот за работа изготвен и предложен од страна на комисијата и се донесува Одлука за распишување Јавен повик за формирање Локален младински совет на Општина Демир Хисар, со критериуми во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

Член 82-ѓ

ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

(1) Локалното собрание на млади објавува јавен повик за членови за локалниот младински совет.
(2) Јавниот повик се објавува на веб - страницата на општината , во локалните медиуми и на останати јавни места/социјални медиуми се со цел да информира што е можно поголем број на млади во Општината. Повикот треба да трае најмалку 10 дена од денот на неговото објавување.
(3) По доставените пријави на кандидатите за членови на Локалниот младински совет, надлежното лице, односно службеникот за млади документацијата од сите пријавени ја доставува до претседавачот/ката и до Собранието кои пак свикуваат нова седница на Собранието. На седницата на Локалното собрание на млади се поканувааат делегатите на Собранието и младите кои се пријавиле за членови на Локалниот младински совет, а ги исполнуваат критериумите од повикот.
Трочлената верификациона комисија на Локалното собрание за млади (креирана за време на конститутивната седница) го следи процесот на избор на членови на Младинскиот совет на Општината и треба да ги потврди мандатите на делегатите.
(4)Кандидатите за членови на Локалниот младински совет имаат право на куса презентација на својата програма пред членовите на Собранието, по што следува постапката на гласање..
(5) Собранието на млади избира членови на локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од локалното собрание на млади.
(6) За избрани членови на локалниот младински совет се сметаат оние кандидати кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати, водејќи сметка за балансирана застапеност на двата пола
(7) Членовите на локалниот младински совет на општина Демир Хисар, се верификуваат од страна на Советот на општина Демир Хисар, по добиена одлука за избор на членови од страна на Собранието на млади на општина Демир Хисар.
(8) Од избраните членови на локалниот младински совет се избираат претседател и заменик – претседател, согласно Деловникот за работа на Локалниот младински совет.

Член 82-е

(1)Бројот на членови на Локалниот младински совет е непарен и не надминува повеќе од една третина од членовите на Советот на општината, но не може да биде помал од 5 лица.
(2)Членовите на Локалниот младински совет имаат мандат од две години со право на уште еден избор.
(3)Советот на Општината може да разреши член на Локалниот младински совет и пред истекот на мандатот поради:
-лично барање на членот на ЛМС
-ако неоправдано отсуствува од седниците на Советот на млади.

Член 82-ж

(1)Локалниот младински совет одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш во месецот. Седниците ги свикува и со нив заседава претседателот/ката на Локалниот младински совет. Претседателот/ката на Советот е должен/а да свика вонредна седница на Советот на млади на предлог од најмалку 1/3 од членовите на ЛМС.
(2)Локалниот младински совет ги донесува одлуките со мнозинство гласови ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупно избраните членови на ЛМС.

Начинот на работа на Локалниот младиснки совет поблиску се утврдува со Деловникот за работа.
(3)Локалниот младински совет може да формира постојани и повремени работни тела за потесни кругови на делување, за поедини групи на млади или за проблеми кои ги загрижуваат младите.

Член 82-з
(1)Локалниот младински совет донесува програма за работа на ЛМС и ја доставува до Советот на Општината за секоја календарска година.
(2)Програмата за работа, Локалниот младински совет ја донесува со мнозинство на гласови од сите членови на ЛМС. Програмата се донесува и поднесува на одобрување пред Советот на Општина Демир Хисар најдоцна до 31 октомври во тековната година, за следната година.

Член 82-ѕ
СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА МЛАДИ
(1)Општина Демир Хисар обезбедува финансиски средства за работа на Локалниот младински совет и простор за одржување седници на Советот на млади во Општина Демир Хисар.
(2)Од Буџетот на Општината, се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1% на годишно ниво кои вклучуваат ресурси за работењето на ЛМС во согласност со усвоената годишна програма.
(3)Членовите на Локалниот младински совет не добиваат надоместок за својата работа.
(4)Стручните и административните работи за потребите на Локалниот младински совет ги врши администрацијата во Општина Демир Хисар, односно назначува службеник/чка за млади во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

Член 4
(1)Одлуката влегува во сила 8-миот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Хисар".

Бр. 17- 478/4 Совет на Општина Демир Хисар
20.05.2021 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
***за објавување на ОДЛУКА* за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Б1- мали единици за комерцијални и деловни дејности на КП бр.2178/1 и 2178/2 за КО Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Б1- мали единици за комерцијални и деловни дејности на КП бр.2178/1 и 2178/2 за КО Демир Хисар, донесена на 51-вата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 20.05.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 517/3 Општина Демир Хисар
25.05.2021 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 39, став 5 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.32/20), член 22 став 1 точка 1 и точка 2 (Сл. весник на РМ бр.5/02), член 15 и член 43 од Статутот на општина Демир Хисар ( Сл.гласник на општина Демир Хисар бр.2/2002, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14 и 10/19), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 20.05.2021 год. донесе

**ОДЛУКА**

**за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Б1- мали единици за комерцијални и деловни дејности на КП бр.2178/1 и 2178/2 за КО Демир Хисар**

**Член 1**

Да се отпочне постапка за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Б.1- мали единици за комерцијални и деловни дејности на КП 2178/1 и 2178/2 за КО Демир Хисар..

Барањето-Иницијативата за изработка на Урбанистички проект е од страна на Иван Кузмановски, со адреса на живеење ул.„Охридска" бр.12, Демир Хисар.

Со изработката на Урбанистичкиот проект ќе се формира градежна парцела со намена Б.1- Мали единици за комерцијални и деловни дејности.

Урбанистичкиот проект ќе се изработува врз основа на член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20), по претходно обезбедени Услови за планирање, Проектна програма одобрена од надлежниот орган, мислење од државните органи, институции и правни лица со јавни овластувања од член 47 од истиот закон, врз ажурирана геодетска подлога на проектиот опфат.

Целокупните трошоци за изработка на Урбанистичкиот проект ќе бидат финансирани од подносителот на иницијативата.

Согласно Законот за урбанистичко планирање, прифатената иницијатива Комисијата за урбанизам му ја поднесува на градоначалникот, а тој ја предлага на Советот на општината за да биде вградена во годишната програма за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Согласно Законот за Урбанистичко планирање, Градоначалникот на општина Демир Хисар донесе Предлог- Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Б.1-мали единици за комерцијални и деловни дејности на КП 2178/1 и 2178/2 за КО Демир Хисар со бр.11-357/7 од 14-05-2021 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар

Бр. 17- 478/5 Совет на Општина Демир Хисар
20.05.2021 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /„Службен гласник на општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
***за објавување на ОДЛУКА за изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2021 година***

1.Ја објавувам Одлуката за изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2021година, донесена на 51-вата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 20.05.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 517/4 Општина Демир Хисар
25.05.2021 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 40, став 1 и став 2 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.32/20), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 20.05.2021 год. донесе

**О Д Л У К А**
***За изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2021год.***

**Член 1**

Во членот 4, кој се однесува на изработка на Урбанистички проекти, се додава нова точка која гласи:

1. Да се отпочне постапка за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Б1- мали единици за комерцијални и деловни дејности на КП 2762/1 за КО Демир Хисар. Урбанистичкиот проект е од страна на Иван Кузмановски, ул.„Охридска” бр.12, Демир Хисар. Целокупните трошоци за финансирање на изработката на Урбанистичкиот Проект ќе бидат финансирани од страна на подностителот на иницијативата.

**Член 2**

Измените на Програмата за урбанистички планови за 2021год. за општина Демир Хисар влегуваат во сила со денот на донесување, а ке се објави во Службен весник на Општина Демир Хисар.

Бр. 17- 478/6 Совет на Општина Демир Хисар
20.05.2021 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
***за објавување на План за* редовно одржување на општинските патишта на подрачјето на општината Демир Хисарза 2021 година**

1.Го објавувам Планот за редовно одржување на општинските патишта на подрачјето на општината Демир Хисарза 2021 година, донесен на 51-вата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 20.05.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 517/5 Општина Демир Хисар
25.05.2021 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ„ бр 5/2002 год.), член 34 од Законот за јавни патишта( „Службен весник на РМ„ бр 84/2008 год.), член 6 и член 19 од Правилникот за мерките за одржување на јавните патишта, начинот и роковите за нивно извршување, како и видот и начинот на извршување на активностите за редовно, зимско, периодично и интервентно одржување на јавните патишта ( „Службен весник на РМ„ бр 152/2008 год.) како и член 43, став 1, точка 21 од Статутот на Општина Демир Хисар ( „Сл. гласник на општина Демир Хисар„бр. 3/2002 год.), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 20.05.2021 година донесе

# ПЛАН

За редовно одржување на општинските патишта на подрачјето на општината Демир Хисарза 2021 година

1. Општинските патишта на подрачјето на општината Демир Хисар определени се со Одлука на Советот на општината Демир Хисар бр.07-831/8 од 15.11.2011 година.
2. Состојбата на општинските патишта дадена е во сл. табела:

| | | Должина на патните правци | Потреба од крпење на ударни дупки и попречни прекопи | Потреба од косење на банкини од трева, трње и сл. | Потреба од чистење од земјен нанос | Потреба од чистење на пропусти |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | км | $м^2$ | $м^1$ | $м^3$ /$м^2$ | $м^1$ |
| 1. | Врска регионален пат Р1305-Смилево | 10,00 | 17 | 15000 | по потреба | |
| 2. | Врска регионален пат Р1305-Стругово | 2,50 | | 3500 | | |
| 3. | Врска регионален пат Р1305-Кутретино | 2,00 | 5 | 1000 | | |
| 4. | Врска регионален пат Р1305-Вардино - Р2339 (раскрсница Света) | 10,00 | | 6000 | по потреба | |
| 5. | Врска регионален пат Р1305- Вардино-крак за Суводол | 1,50 | | | | |
| 6. | Врска регионален пат Р1305-Слепче со крак за манастирот Добромирово | 6,00 | 28 | 8000 | по потреба | |
| 7. | Врска регионален пат Р1305-Кочишта (до граница со општина Крушево) | 12,00 | 3 | 16000 | | |
| 8. | Врска регионален пат Р1305-Кочишта-крак за Прибилци | 0,50 | | 500 | | |
| 9. | Врска регионален пат Р1305-Кочишта-крак за Ново село | 0,50 | | | | |
| 10. | Врска регионален пат Р1305-Кочишта-крак за Ракитница | 1,50 | | 600 | | |
| 11. | Врска регионален пат Р1305-Кочишта-крак за Растојца | 0,50 | | | | |
| 12. | Врска регионален пат Р1305-Радово | 6,00 | | | | |
| 13. | Врска регионален пат Р1305-Радово-крак за Суво Грло | 1,00 | | 1500 | | |
| 14. | Врска регионален пат Р1305-Железничка станица | 0,50 | | | | |
| 15. | Врска регионален пат Р1305-Сопотница | 1,00 | | | | |
| 16. | Врска регионален пат Р1305-Жван | 1,50 | | 800 | | |
| 17. | Врска регионален пат Р1305-Велмевци | 1,50 | | 3000 | | |
| 18. | Врска регионален пат Р1305-Базерник | 5,00 | 2 | 8000 | по потреба | |
| 19. | Врска регионален пат Р1305-Зашле | 11,00 | 20 | 6000 | по потреба | |
| 20. | Врска регионален пат Р1305-Мало Илино | 5,00 | | 5000 | по потреба | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 21. | Врска регионален пат Р1305-Железнец | 0,50 | | | | |
| 22. | Врска регионален пат Р2339-Бараково | 0,50 | | 300 | | |
| 23. | Врска регионален пат Р2339-Вардино | 1,50 | | 2000 | | |
| 24. | Врска регионален пат Р2339-Единаковци | 1,00 | | | | |
| 25. | Врска регионален пат Р2339-Света | 1,00 | | | | |
| 26. | Врска регионален пат Р1306-Сладуево | 0,50 | | | | |
| 27. | Врска регионален пат Р29371-Слоештица | 4,00 | | 1000 | | |
| 28. | Врска регионален пат Р29371-Мренога | 1,00 | | 300 | | |
| 29. | Врска регионален пат Р29371-Вирово | 3,00 | | 2500 | по потреба | |
| 30. | Врска регионален пат Р29371-Церово | 4,00 | | | | |
| 31. | Врска регионален пат Р29371-Лесково | 3,00 | | | | |
| 32. | Врска регионален пат Р29371-Боишта | 3,00 | | | | |
| 33. | Врска Смилево-споменик „ Даме Груев„ | 1,00 | | 500 | 20 | |
| 34. | Врска Обедник преку Ман. „ Св. Петар„ за Боишта | 15,00 | | | по потреба | |
| 35. | Врска Обедник-Метимер ( до граница со општина Битола) | 4,00 | | | | |
| 36. | Врска Стругово-Загориче | 2,00 | | 2000 | | |
| 37. | Врска Стругово-Лесково | 10,00 | | | | |
| 38. | Врска Суводол-Манастир „Св.Богородица„ | 3,00 | | | | |
| 39. | Врска Слепче-Лесково | 10,00 | | | | |
| 40. | Врска Слепче-Белче | 2,00 | | | | |
| 41. | Врска обиколен пат Демир Хисар -пат за с. Слепче | 1,50 | | | | |
| 42. | Врска Граиште-Манастир „ Св. Тома„ | 3,00 | | | | |
| 43. | Врска Прибилци-Сладуево | 2,00 | | | | |
| 44. | Врска Прибилци-Сопотница | 4,00 | | | | |
| 45. | Врска Радово преку манастир „Св.Атанасиј„ за Сопотница | 5,00 | | | | |
| 46. | Врска Р1306- манастир „Св.Атанасиј„ Журче | 3,00 | | | | |
| | ВКУПНО: | 168,00 | 75 | 83500 | | |

3. При редовното одржување се преземаат мерки во текот на годината заради обезбедување на услови за безбедно користење и употреба на патот.
4. Средствата за редовно одржување на општинските патишта ги обезбедува општина Демир Хисар согласно Годишната програма за изградба, реконструкција и одржување на општинските патиша и улици.
5. Редовното одржување на општинските патиштата ќе го врши ЈКП „Комуналец„ согласно Одлуката за делегирање на надлежност за редовно одржување на општинските патишта и улициБр.17-438/12 од 27.04.2018 година донесена од Совет на општина Демир Хисар.

Бр. 17-478/7
20.05.2021 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
***за објавување на* З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештај за реализација на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за 2020/ 2021**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за 2020/ 2021 , донесен на 51-вата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 20.05.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 517/6 Општина Демир Хисар
25.05.2021 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 20.05.2021 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештај за реализација на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за 2020/ 2021**

1.СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за 2020/2021.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 17- 478/8 Совет на Општина Демир Хисар
20.05.2021 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
***за објавување на* З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади за 2020 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади за 2020 година , донесен на 51-вата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 20.05.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 517/7 Општина Демир Хисар
25.05.2021 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 92 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар"бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19/ Советот на Општина Демир Хисар на седница одржана на 20.05.2021 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади за 2020 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади за 2020 година бр.08-457/1 од 07.05.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 17- 478/9 Совет на Општина Демир Хисар
20.05.2021 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
***за објавување на* З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита во 2020 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита во 2020 година, донесен на 51-вата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 20.05.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 517/8 Општина Демир Хисар
25.05.2021 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 92 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар"бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19/ Советот на Општина Демир Хисар на седница одржана на 20.05.2021 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита во 2020 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита во 2020 година бр.08-458/1 од 07.05.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 17- 478/10 Совет на Општина Демир Хисар
20.05.2021 година Претседател,
